З а п и с н и к

Од 20- та редовна седница на Советот на општина Василево

20- та седница на Сове закажана за 07.02.2023 беше одржана на 06.02.2023 година

Советот на општина Василево ја одржа 20-та редовна седница на ден 06.02.2023 година (понеделник) со почеток во 9:00 часот во просториите на Општинската зграда во Василево.
Седницата ја свика и ја водеше Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево.
На седницата од оправдани причини не присуствуваа членовите:Блажо Делев, Крсте Панев, Илми Мустафов, Билент Исинов и Блажо Коцев.
На седницата присуствуваше Славе Андонов градоначалник на општина Василево и Сањја Стојанова, представник од општинската аддминистрација.

За работа на 20-та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог-програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2023 година
2. Предлог-програма за животна средина на општина Василево за 2023 година
3. Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од ЛД „Фазан“, Василево

Дневниот ред за работа на 20 –та седница на совет беше ставен на гласење од присутни 10 советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

1.

По отворената расправа по првата точка: Предлог-програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2023 година за збор се јави Ристо Делјанов претседател на комисијата за урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина,ј рече дека комисијата на седницата ја разгледа и од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Александра Мадевска побара образложение.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече програмата се менува во смисол се работи за физичко лице до село Радичево се однесува за вон опфат околу патот на влезот во селото кој што само си прави урбанистички проект за да може да добие одобрение за градба бидејки сега во моментот тој не може да гради затоа тој сам ќе уложи сопствени

средства за изработка на урбанистички проект кој што е во интерес на општината, општината опчекува такви инијацетиви.

Првата точка : Предлог-програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2023 година беше ставе на гласење од присутни 10 советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

2

Поради немање кворум за работа Комисијата за општесвени дејности не се состана

По отворената расправа по втората точка: Предлог-програма за животна средина на општина Василево за 2023 година, образложение даде Славе Андонов градоначалник на општина василево рече дека оваа програма мора да ја има тоа го бара Министерството за животна средина и инспекторите, тоа е општа програма бидејќи општина Василево нема инспектори за животна средина ниту има капацитет,програмата е направена според можностите на општината.

Немаше друг пријавено за збор третата точка: Предлог-програма за животна средина на општина Василево за 2023 година;беше ставен на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 10 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,,нема

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од ЛД „Фазан", Василево.за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата го разгледа од тројца присутни члена со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема го усвои предлогот да се додела средства во износ од 60.000 денари. Образложение даде Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече негов предлог е да се доделат 60.000 денари,но до тогаш ќе разговара за да може да види дали пак како лани советниците ќе одат, прво ќе се види како тие ќе организират. Има разноразни гласини, должност на Советот е да го изгласа оваа барање а колку ќе присуствуваат за тоа ќе одлучи заедно со сите советници

Мадевска Александра Бидејќи како главен спонзор е општината градоначалникот одлучува дали сите советници ќе одат а како тие ќе организират тоа е нивна работа.

Славе Андоноврече дека сега се гласа со советниците а дали ќе одат за тоа ќе се види понатаму тоа зависи од внатрешната организација, советот е тај кој што треба да изгласа другата работа е нивна.

Предлогот од градоначалникот да се доделат 60.000 денари. по Барање за финансиски средства поднесено од ЛД „Фазан", Василево. беше ставена на гласење од 10 присутни советници, Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа ,, за ,, против,, и ,, воздржани,,нема

Третата точка од дневниот ред: :Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од ЛД „Фазан", Василево со усвоениот предлог да се доделат 60.000 денари. беше ставена на гласење од 10 присутни советници, Советот на општина Василево ја усвои со 10 гласа,, гласа ,, за ,, против,, и ,, воздржани,,нема

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Ристо Делјанов ја затвори 20- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

Совет на општина Василево
Претседател
Ристо Делјанов